www.jub.eu

# JUB Магазин

Година V
Број 9
Септември 2012
ЈУБ дооел
Скопје



Jubizol Fasada

## Топлотноизолациски систем – 45 години

Нешто ново

## Marmorin travertin

JUB интервју

## Била - Битола


Во што Вашата куќа се чувствува најдобро?
JUB JUBIZOL
Фасадни системи по мерка
www.jub.eu



Содржина:


-Вовед ........................................................................03

- Актуелно ... .................................................................. 04

- Вести ........................................................................ 05

-JUB Академија.................................................................. 12

-Интервју ...................................................................... 14

-Jubizol фасада.................................................................16

- Нови производи................................................................ 19

-Нешто ново .................................................................... 23

-Совет ......................................................................... 26

-JUB дизајн студио..............................................................30



| | |
|---|---|
| Издава | Jub дооел - Скопје |
| Адреса | бул. Јане Сандански бр.79а-3 |
| Телефон | 02/ 2454-027 |
| E-mail | jubmagazin@jub.com.mk |
| Уредник | Катерина Бошкова |
| Редакциски одбор | ЈУБ дооел - Скопје |
| Дизајн | Катерина Бошкова |
| Припрема и печати | Макстен графика - Скопје |


Вовед

Есен, повторно есен, како поминуваат годините, така ние во JUB, се повеќе ви носиме новини, како во нашиот производен програм, така и во нашите центри. Дали сте задоволни?
Најпрво во рубриката актуелно, ќе Ве запознаеме со новиот центар ЛЕЦ во Сараево, потоа во рубриката вести ќе Ве информираме за нашите активности низ Балканот, како и за дел од нашите излагања на саемите. Посебно значење ќе им дадеме на нашите мајстори кои ја искористија четиридневната екскурзија, за посета на нашите фабрики во Словенија и Србија.
JUB академија е наша активност каде ве информираме за нашите меѓусебни запознавања и каде разменуваме различни мислења и теории. Во рубриката JUB интервју за овој број на JUB Магазин одлучивме да Ве прошетаме до нашиот купувач во Битола, Била. Оваа година ние славиме 45 години од првата JUB – ова фасада – Jubizol fasada, во овој број ќе Ве запознаеме со дел од неколкуте различни видови по однос на состав фасади. Во рубриката нови производи, Ве запознаваме со Juboglet, Jubosan W120, Jupol strong и од производната програма MARK, со минералните малтери со 1,5 и 2,0 гранулација. Во JUB Македонија е и нашиот нов демонстратор на примена на материјали – Горан Анѓелковски, кој секако ќе имате можност и лично да го запознаете на нашите презентации и на саемот за градежништво 2013.
JUB е секогаш во чекор со иднината, па така сега ја следиме и програмата за енергетска ефикасност со нашите материјали за термо фасади. Во рубриката нешто ново, подетално ќе Ве запознаеме со начинот на изработка на декоративната техника Marmorin Travertin, во рубриката совет ќе можете да одлучите во кои бои ќе ја уредите вашата бања, а во рубриката дали сте виделе, ќе Ви ги доловиме 10-те неверојатни цркви ширум светот. За крај ги оставивме JUB референците од изминатава година, кои се надеваме дека ќе Ви се допаднат исто како и на нас.
Оваа година се најавува многу студена зима, доколку немате направено термоизолациона фасада – побрзајте, има уште малку време, а доколку не успеете, информирајте се кај Вашиот сосед како поминал ова зимо со својата термо фасада.
Се гледаме наскоро......

ISO 9001 Q-159
ISO 14001 E-034





# ЛЕЦ Сараево

## Отварање на логистичко – едукативен центар (ЛЕЦ) во Сараево

Со развојот на трговијата, логистиката со време од периферна дејност, премина во првостепена работна функција, во која се бара заштеда и профит. Изградбата на логистичкиот центар во секоја компанија носи подобрување и забрзување на административните процеси, скратување на роковите за испорака – со тоа и роковите за плаќање, елиминација на нелојалната конкуренција како и многу други предности.

Знаејќи го сето ова предходно, а сакајќи што повеќе да се приближиме до купувачите и да го подобриме квалитетот на своите услуги, на пазарот на Босна и Херцеговина кон крајот на 2009 година донесена е одлука за изградба на логистичко едукативен центар на JUB во Влаково кај Сараево.

Почетокот на февруари 2011 година, оперативно се пристапи кон изведба на самите работи, а кон крајот на 2011 година сите работи од изградбата на логистичко – едукативниот центар на JUB БиХ успешно беа завршени. Преселбата беше планирана за кон крајот на февруари, а свеченото отварање беше во јули оваа година.

Модерниот логистичко – едукативниот центар на JUB БиХ се простира на 1500 m2. Со ставање во функција на новиот складишен простор и употребата на најсовремените технологии за издавање и сортирање на робата, секако се подобрува продуктивноста во работењето и се унапредува дистибуцијата

Во составот на логистичко – едукативниот центар се наоѓа JUB Design Studio.

Вратата на новиот логистичко – едукативниот центар на JUB БиХ е отворена како за крајните купувачи така и за изведувачите, архитектите и инвеститорите, на кои им нудиме бесплатно советување при изборот на комбинации на внатрешни и фасадни бои, како и декоративни техники, а им помагаме и при изборот на енергетско ефикасните фасади. JUB БиХ и покрај лошата економска клима која во моментов владее, покрај веќе вработените, со отварање на новиот логистичко – едукативен центар, својот тим го зголеми со четири нови вработени.

Со добрата рационализација и организација во работењето во сите ресори на JUB, како и коректниот однос со купувачите, инвеститорите и средината во која делува, JUB ги осигура предпоставките за денешните примања, но и условите за работа на вработените.

Се надеваме дека со отварањето на нашиот центар, ќе ги поттикнеме и другите бизнис субјекти во БиХ на слични потези. Очекуваме корист за сите; за нас кој вложуваме во развој на нови центри за граѓаните кои ќе добијат поголема вредност за вложувањата и за државата која ќе ја развие инфраструктурата, со што можеме да очекуваме напредок на општеството во целост .

Добродојдовте во нашиот логистичко – едукативен центар на JUB во Влаково кај Сараево – центар за пријателски совет и добар бизнис проект.



# FASHION PARK OUTLET во ИНЏИЈА - Србија

## FASHION PARK OUTLET во Инџија е изграден со JUB - ови материјали

Новоотворениот Fashion Park, кој своето отварање го доживеа на крајот на месец април оваа година, е уште еден во низата успешни референтни проекти кои компанијата JUB успешно се реализира.
Во овој проект компанијата JUB ги употреби најквалитетните материјали од својот производен програм, и тоа: JUB фасаден систем, фасадни бои, како и JUB – овиот систем за тенкослојно решение за обработка со YTONG BLOK - ови, а кои сите посетители на овој парк можат да ги видат и да уживаат во преубавиот изглед на ова здание.



# JUB ги обновува градинките во Пожега - Хрватска

JUB Хрватска успешно продолжува со донациите во локалната заедница. По успешната обнова на клупите во Дубровник, во акцијата по името „Za sve klupe moje i tvoje Jubin boje“, на ред дојде и градинката „Pod gradom“ во Пожега. Иницијатор на акцијата беше народното радио, а главен покровител е JUB Хрватска со бои и лакови. Главната цел на оваа акција беше да се обнови градинката, како и да се постигне удобност за секојдневниот престој на најмладите во истата.





Во обновата на фасадата, активно учество земаа, градоначалникот на Пожега, г. Зравко Ронко, како и заменик министерот за здравство г. Маријан Цасарик.

# Брендот JUPOL го доби признанието „Trusted Brand“ за најдоверлива трговска марка

**Трговската марка JUPOL, по избор на словенечките потрошувачи е производ од категоријата на бои за домот во кој имаат најголема доверба.**

Ова го покажаа резултатите од истражувањето, кое веќе шеста година по ред го спроведе списанието Reader’s Digest меѓу словенечките потрошувачи. Прогласувањето беше во средата на 23 мај 2012 година и се одржа во Клубот на Цанкаревиот дом во Љубљана. Трговската марка JUPOL ја доби наградата „Trusted Brand“ за 2012 година, а исто така доби и специјална плакета за пет последователни титули по ред на трговска марка со најголема доверба.

Во рамки на истражувањето, потрошувачите ги оценуваа трговските марки врз основа на четири критериуми - квалитет, надворешен изглед, корисност и прифатлива цена. За да се добие името на најдоверлив бренд, потребно е производот да добие највисока оценка од потрошувачите. Брендот JUPOL оваа оценка ја доби како најдоверлив бренд во категоријата боја за домот.

Списанието Reader’s Digest, веќе дванаесетта година по ред го спроведува европското истражување за доверба на потрошувачите на трговските марки „Trusted Brand“, а Словенија во истражувањето беше вклучена пред шест години. За називот „Trusted Brand“ се натпреваруваа производи во 40 категории, а истражувањето беше спроведено во 15 држави.




Фотографија: Драган Стајиќ, директор на продажба во групацијата JUB со признанието Trusted Brand

# Отворање на станбени ќелии, прототип на активна енергетски независна градба

**Станбените ќелии, кои претставуваат прототип на активни и енергетски независни градби, беа лоцирани во паркот на улица Финжгарјева во Љубљана и беа отворени на 15 Јуни, како ден на отворени врати.**

Носител на проектот беше Факултетот за градежништво од Љубљана, во склоп на програмата за интелигентна енергија за Европа, при што во изведбата учествуваа повеќе партнери од стопанството, меѓу кои учество зема и компанијата JUB. JUB, поради посветеноста на одговорното однесување кон животната средина и насоченоста кон одржлива градба, со задоволство го поддржа проектот. Помеѓу учесниците во проектот се разменија знаења и искуства за проектирање и изградба на т.н. скоро нула енергетски градби, чија изградба е предвидена во блиска иднина со Европската директива за енергетска ефикасност.



Објектот се загрева со три различни соларни системи за греење, за напојување со електрична енергија е вграден фотоволтажен напонски систем. Додаден е и систем за собирање на дождовницата, а отпадните води се третираат во растителна направа за прочистување. Затоа, објектот не е поврзан со ниту еден јавен комунален систем. Ќелијата е составена од пет функционално поврзани единици, кои ја обезбедуваат потребната мобилност.



Во изградбата на овој објект, од страна на JUB беа изведени повеќето завршни работи на внатрешните и надворешните површини, при што во внатрешноста се користеше дебелослојна маса за глетување Juboglet, новата перива боја Jupol Strong, премаз за дрво Jubin Décor, а во бањата цементните маси за хидроизолација Hidrozol и Hidrozol elastik. Надворешните површини се заштитени со JUBIZOL фасадниот систем, каде што како завршен слој е употребен декоративен завршен малтер Unixil Cool, кој содржи IR селективни пигменти за намалување на загревањето на зградата во текот на летото, што придонесува за намалување на потрошувачката на енергија за ладење.

Ќелијата е наменета за приказ на новите енергетски технологии и во неа во текот на работното време се одржуваа демонстрации на технологијата за стручњаци, студенти, но и за целата јавност.



# Се сретнавме на саемот DOM 2012 во Љубљана

**JUB е традиционално присутен на саемот "Dom" во Љубљана. Оваа година саемот беше одржан од 6. до 11. Март 2012.**




JUB се претстави со целиот асортиман на производи и услуги. Посебен акцент беше ставен на фасадниот систем JUBIZOL како и деталите при вградување на истиот. На саемскиот простор беше прикажана интересна и поучна демонстрација на новите декоративни техники кои се добиваат со употреба на производите под трговското име JUB Décor.

Срдечно ве покануваме на нашите следни излагања на саемите ширум европа.

# Саем на градежништво Скопје, 6 - 10 март 2012 година

**Како и секоја година така и оваа, JUB зазема учество и на овој саем на градежништво каде што на наше големо задоволство, останатите компании нé следат во чекор за да го достигнат нашиот квалитет на изработка на својот штанд, со што од година во година нé мотивираат сé повеќе и повеќе да вложуваме во изгледот и изработката на нашиот штанд во што и успеваме секогаш да бидеме лидери.**

Оваа 2012 година JUB слави 45 години од вградувањето на првиот топлотноизолациски систем, па поради тоа, акцент ставивме на изработката на истиот, како и на некои од многуте нијаси на малтери во различна структура и гранулација, но не го изоставивме  и Kulirplast – от кој најчесто се користи за цокла, но не е исклучен и примерот каде се употребува и како завршен малтер на целата површина на објектот. Овие примероци беа поставени во вид на тон карта, посетителите да имаат од една гледна точка поголема прегледност на изложените малтери.



Од другата страна на тон картата, земаа учество, дел од асортиманот на декоративните техники, кои JUB ги има во својот производен програм, кои пак земаат сé поголем замав во уредувањето на внатершните простории овде кај нас во Македонија.





Сите читатели ги потсетуваме дека и наредната 2013 година можат да не посетат на саемот на градежништво на исто место во II хала. До тогаш ви поскауваме добро здравје и успешна работа.

Како и минатите 2 години, така и оваа, JUB на своите верни и вредни мајстори, им додели сетификати со важност од 1 година за тековната 2012 година. Целата оваа церемонија беше проследена со добра музика и мала закуска за посетителите.
Бидејки саемот на градежништво оваа година не затекна на денот на жената 8 март, JUB не ќе беше JUB, ако не му дадевме значење на овој ден и не ги почестивме жените посетители со по една црвена роза.



# Екскурзија за изведувачи во организација на JUB дооел Скопје

**Минатата година за првпат во организација на JUB дооел Скопје за нашите најдобри трговци од малопродажната мрежа во Македонија, организиравме четири дневно дружење, со посета на JUB-овите фабрики во Словенија и Србија.**

Традицијата ја продолжуваме и оваа година во периодот од 26.03 – 29.03.2012 год., но овојпат со група од наши најдобри изведувачи (молери и фасадери).

Повторно искористивме прилика која ни овозможи накратко да ги оставиме секојдневните обврски за да направиме незаборавно дружење.

По пристигнувањето во Словенија и одморот од повеќечасовно патување, најпрво ја посетивме нашата матична фабрика JUB во местото Дол близу Љубљана каде е лоцирана уште од 1875 год.

Претставници на вработените во фабриката се потрудија достоинствено и организирано да ги пречекаат нашите изведувачи за кои организираа прво посета на новиот изложбен салон, а потоа и можност да се види целокупниот процес на производство и складирање, со што изведувачите добија информации од "прва рака" за сé што ги интересира поврзано со производите. Посебно внимание предизвика посетата на новоотворената модерна фабрика за производство на стиропор и сопствениот технолошко развоен центар - единствен од ваков тип на Балканот, каде одблизу можеа да се видат најновите технологии за истражување и развивање на нови производи.







Потоа во присуство на туристички водич беше организирана посета на некои позначајни знаменитости на Љубљана и нејзино панорамско разгледување, а попладнето и вечерта ни беа резервирани за капење во прекрасните термални бањи на надалеку познатиот хотелски комплекс Терме Чатеж.

Во добро расположение пред сé поттикнато од доброто друштво, ја напуштивме Словенија и продолживме кон новата дестинација - Белград, со посета и шопинг низ тамошните модерни трговски центри.

Утредента ја посетивме и втората релативно нова фабрика на JUB во местото Шимановци близу Рума, каде што изведувачите повторно имаа можност да го разгледаат модерниот технолошки процес на производство и складирање на готовиот производ, лабараториите за анализа, просториите за обука, со посебен интерес од причина што повеќето JUB-ови производи кои ги вградуваат се токму од оваа фабрика.

Заедничката фотографија пред платото на фабриката го одбележа и крајот на неколкудневната екскурзија, но со надеж дека традицијата ќе продолжи и во наредните години со слични вакви прошетки и дружења, како за изведувачите така и за трговците, архитектите, и сите корисници на нашите производи чија основна дејност се завршните работи во градежништвото.





# JUB АКАДЕМИЈА

**И во втората половина од 2012 год. техничко комерцијалната служба во JUB Скопје продолжи со изведба на стручни технички презентации на целокупната JUB-ова производна програма.**

Интересот за ваков тип на презентации и понатаму беше голем, а посебно задоволство ни претставуваше и зголемениот број лица кои првпат присуствуваат на наши презентации од ваков тип. Теоретскиот дел од изведбата презентиран на видео бим, и практичниот дел прикажан со демонстрирање техники на вградување на дел од материјалите го задржа вниманието и интересот на присутните.

Во месец Февруари на покана и во организација на Општина Центар – Скопје, за одредена целна група (градежни инженери, архитекти, инвеститори,...) а во рамките на проектот за имплементација на мерките за унапредување на енергетската ефикасност, го презентиравме нашиот топлотноизолациски систем Jubizol фасада.

Воедно, на покана и во организација на малопродажниот дуќан Гипс Имобилија од Скопје, одржавме и стручна техничка презентација, со демонстрација на дел од нашата производна програма, со напомена дека презентацијата ја следеа повеќе од 100 лица што воедно е и рекордна посетеност на презентациите кои ги одржавме во изминатиов период.





Како и повеќе пати претходно во просториите на Скопски саем (Бизнис сала) на 14.06.2012 год. одржавме и посебна стручна техничка презентација на тема:

- Енергетска ефикасност на објектите и топлотно-изолацискиот систем Jubizol како дел од решенијата за енергетска ефикасност

Темата сама по себе е доста актуелна од причина што вградувањето топлотноизолациски систем на објектот значи заштеда на енергија и на финасиски средства, а посебно во услови на енормно скапа енергија на пазарот, што воедно и придонесе за одличната посетеност на презентацијата.

Поставувањето прашања и коментари на презентираното започна уште во салата каде се разви и поширока дискусија меѓу присутните гости, а продолжи во поопуштена атмосфера на коктелот организиран по завршувањето.

За секој присутен учесник на нашите презентации поделивме и соодветен рекламен материјал.

## Календар на одржани презентации за период од 01 до 07 2012

| ДАТУМ | ОРГАНИЗАТОР | ГРАД | ЦЕЛНА ГРУПА | ТЕМА |
|---|---|---|---|---|
| 16/01/2012 | JUB дооел (Колор Трејд-Велес) | Скопје | изведувачи | Внатрешен програм (подлоги, глет маси, бои, декоратива) |
| 18/01/2012 | Примавера | Гостивар | изведувачи | Внатрешен програм |
| 25/01/2012 | Фриговаар | Гостивар | изведувачи | JUB - ов асортиман |
| 26/01/2012 | Примавера | Гостивар | изведувачи | Внатрешен програм |
| 27/01/2012 | JUB дооел (Јоди) | Скопје | трговци (продавачи) | JUB - ов асортиман |
| 21/02/2012 | Примавера | Гостивар | изведувачи | Внатрешен програм |
| 23/02/2012 | Општина Центар | Скопје | Архитекти, инвеститори | Јубизол фасада |
| 24/02/2012 | Гипс Имобилија | Скопје | изведувачи | JUB - ов асортиман |
| 29/02/2012 | Даре Промет | Тетово | изведувачи | JUB - ов асортиман |
| 14/03/2012 | Пролет Комерц | Велес | изведувачи | JUB - ов асортиман |
| 15/03/2012 | Примавера | Гостивар | изведувачи | Внатрешен програм, Јубизол фасада |
| 16/03/2012 | JUB дооел (Мегамонт) | Скопје | Архитекти | Јубизол фасада |
| 3/04/2012 | JUB дооел (Термофасади Матка) | Скопје | изведувачи | Јубизол фасада |
| 3/04/2012 | JUB Дооел (Зеус Дизајн) | Скопје | изведувачи | Внатрешен програм |
| 9/04/2012 | Универзал Комерц | Скопје | комерцијалисти | JUB - ов асортиман |
| 25/04/2012 | Хемитек | Прилеп | изведувачи | JUB - ов асортиман |
| 26/04/2012 | JUB дооел (Термофас инж.) | Скопје | изведувачи | Јубизол фасада |
| 9/05/2012 | JUB дооел | Скопје | изведувачи | Јубизол фасада |
| 6/06/2012 | JUB дооел (Фроди) | Скопје | изведувачи | Јубизол фасада |
| 14/06/2012 | JUB дооел (Скопски саем) | Скопје | Архитекти, инвеститори | Енергетска ефикасност на објектите |
| 15/06/2012 | JUB дооел (Алекс Колор) | Скопје | изведувачи | Јубизол фасада |
| 9/07/2012 | JUB дооел | Скопје | изведувачи | Јубизол фасада |
| 13/07/2012 | JUB дооел | Скопје | изведувачи | Јубизол фасада |
| 20/07/2012 | JUB дооел | Скопје | изведувачи | Внатрешен програм |

# JUB интервју

**Во преполниот со најразлични видови на материјали малопродажен дуќан „Била“ од Битола, во сопственост на Зоран Геровски, љубезно нé дочека шефот на дуќанот – Маријан Геровски, кој воедно е и син на сопственикот.**



Во пријатна и опуштена атмосфера, поразговаравме со Маријан, кој низ кафе-муабет ни ги пренесе своите импресии од долгогодишната работа со бои и лакови.

JUB: „Колку години се занимавате со оваа дејност?“

Маријан: „Почетоците се уште од осумдесетите години, кога мојот татко почнал да го „пече занаетот“ во изработка на термо-фасади. Во тоа време, изработката на термо-фасади во Македонија била новост и ретко кој се одлучувал на таков чекор. Но, со упорност, татко ми успеал да се докаже во овој бизнис. Една од пречките во тоа време било и изнаоѓањето на соодветни материјали, па затоа понекогаш морало и да се импровизира. Но, сето тоа искуство се исплатело, така што татко ми се докажал како мајстор и тоа искуство му е од голема корист и денес. Секако, голем придонес кон успехот имало и искуството кое го стекнувал татко ми со повремена работа во Австрија, каде што можел да се запознае и со современите технологии на изработка на фасади и со новите современи материјали наменети за таа работа.“

JUB: „Кога за прв пат се сретнавте со материјалите на JUB?“

Маријан: „Првата фасада со материјали од JUB татко ми ја направил уште во 2004 година и таа била воедно и прва фасада со материјали од JUB во Битола и една од првите во Македонија. Од тогаш, па до денес татко ми има изработено повеќе од 100 објекти (куќи, згради, деловни објекти) со материјалите од JUB. Морам да истакнам дека лојалноста кон материјалите на JUB се должи на тоа што во нив има огромна доверба и со нив никогаш нема несакани последици и проблеми.“

JUB: „Како дојдовте на идеја да започнете со трговија?“
Маријан: „Почетоците со трговијата беа логична последица на тоа што веќе го работел татко ми. Секојдневниот контакт со материјалите го натерало да размислува како да го прошири бизнисот, а воедно да обезбеди работа и за мене, така што во 2006-та година одлучува да изнајми дуќан и да почне со продажба на бои и лакови. На почетокот JUB му излезе во пресрет и му овозможи купување на машина за нијансирање, што во тоа време беше реткост, а воедно и огромна конкурентска предност.
И така почнавме со трговијата...се сеќавам дека беше 8-ми Март 2006 година и јас сум од тогаш задолжен за целосно функционирање на дуќанот.“

Маријан се истакнува по својата стручност и одлично познавање на својствата на JUB - овите материјалите, што му овозможува да нема никакво недоразбирање со своите клиенти, кои се редовни во неговиот дуќан. Не е тајна дека во Битола, овој дуќан е меѓу најдобро снабдените и исто така најпосетуваните дуќани од ваков тип.
JUB: „Што е тоа што ги привлекува луѓето да купуваат кај вас?“
Маријан: „Големиот асортиман и широката палета на производи од производниот програм на JUB, е тоа што го ценат клиентите кои сакаат да се снабдат со квалитетни материјали за своите објекти, а при тоа можат да си дозволат и поскапи но и поквалитетни производи, кои се проследени го гаранција од производителот. Но, не е само тоа ... само со љубов и посветеност кон работата, и со макотрпен труд може да се опстане во секој, па и во овој бизнис. Како пример за тоа ќе наведам дека понекогаш дури и во доцните часови испорачуваме материјали на објекти, за изведувачите да можат на време да ги почнат, или завршат своите градежни работи на објектот и да ги запазат договорените рокови за работа, а сето тоа со цел крајниот корисник – инвеститорот да биде задоволен од услугата и извршената работа.“
JUB: „Дали понекогаш наидувате на потешкотии?“
Маријан: „Најважно е да знаеш да комуницираш со луѓето и на кого што треба да му се понуди. Со жените секогаш е потешко, имаат големи барања и се неодлучни. Затоа повеќето мажи се држат до девизата: „Нека бира жената за да не ме боли глава“. Но, секојдневниот контакт со луѓето веќе нé научи да се справуваме и со најпребирливите муштерии, на кои што мораш да знаеш што да им понудиш и - работата се завршува на задоволство на сите. Моментално се бараат јаки бои, најчесто Jupol Trend, а посебно е популарна црвената боја.“

Додека разговаравме со Маријан, во дуќанот дојде и Зоран – „Била“ постариот и срдечно не поздрави, а ние ја искористивме можноста и него да го прашаме: „Што најмногу би истакнале од досегашната соработка со JUB?“ Зоран, низ насмевка ни одговори: „Најголемо задоволство ми прават дружењата што ги организира JUB, на кои сум редовно поканет! Но, шегата на страна, за мене е непроценливо тоа што од JUB секогаш добивам одлична техничка поддршка во секое време. Присуството на техничките и комерцијалните претставници на JUB на градилиштата имаат многу позитивен ефект и кај клиентите, а сертификатите кои ги издава JUB на мајсторите се одлична референца за сите клиенти на кои им е важен квалитетот.
На нас изведувачите ни е најважно да работиме со сигурни материјали и кога ќе ја завршиме работата „мирно да спиеме“, знаејќи дека и клиентот ќе биде задоволен, а во тоа многу ни помага и 10 годишната гаранција која ја нуди JUB, а ние не се плашиме да ја дадеме, бидејќи знаеме дека се работи за материјали со врвен квалитет.“
Размислувањата на Зоран ги потврди и неговиот колега - изведувач Топузоски Горан, кој поседува JUB-ов сертификат - мајстор со долгогодишно искуство и член на петчлената добро синхронизирана екипа за која важи дека работат многу прецизно и квалитетно.



# Топлотноизолациски системи - веќе 45 години

**JUB важи за најстар производител на ѕидни бои во Словенија и во целиот регион. Почетоците на производството на минерални бои во Дол близу Љубљана, каде денес е седиштето на фирмата, датираат уште од далечната 1875 година.**



136 години работење е најголема гаранција дека претпријатието JUB d.o.o. произведува квалитетни производи на задоволство на своите купувачи. Топлотноизолацискиот систем JUBIZOL е традиционален производ на фирмата JUB. Оваа година славиме 45 години од вградувањето на првиот топлотноизолациски систем. Долгогодишното искуство и примената на најмодерните достигнувања во производството на материјалите ни овозможува на JUBIZOL системот од сега да можеме да понудиме и до 45 - годишна гаранција на функционалноста на системот.



JUBIZOL е фасаден топлотноизолациски систем кој ги исполнува барањата за соодветна и ефикасна топлинска изолација на надворешните ѕидови на зградите, ги штити фасадните површини од атмосферските влијанија и ги исполнува желбите за естетски обликуван изглед на објектот. Животниот век, градежно физичките и другите особини на JUBIZOL топлотноизолацискиот систем зависат од избраниот вид и дебелина на изолациската облога, од видот на употребеното лепило, од дебелината и видот на составот на вградениот завршен малтер, па и од завршната обработка на системот, односно од видот, нијансата, структурата и другите особини на вградениот завршен малтер.

Со повеќегодишно истражување и добро одмерено комбинирање на компонентите, достигнавме најголем можен синергиски ефект. Во контактните фасадни топлотноизолациски системи го креиравме најдоброто: Standard, Comfort, Premium, Strong, Nature, JUBIZOL топлотноизолацискиот систем обезбедува намалување на трошоците за греење за најмалку 40%.



JUBIZOL Standard се темели на знаењето и искуството кое во минатите 45 години го стекнавме на повеќе од 10 милиони m² вградени контактни фасадни топлотноизолациски системи, врз база на експандиран полистирен како изолациска облога. Системот ги задоволува потребите на најголемиот број купувачи, обезбедува одличен сооднос на квалитетот и цената, а воедно е прв избор на повеќето професионалци.

Особини:

- идеален сооднос меѓу квалитетот и цената;
- најмала можна дебелина на основниот малтер (само 3 mm);
- голем избор на нијанси на завршниот малтер (светлосен индекс Y > 25);
- можност за избор на изгледот на измазнетата или пердашената фасадна површина со различна гранулација;
- потполно задржување на функционалните својства и естетскиот изглед на топлотноизолацискиот систем JUBIZOL се постигнува со препорачано обновувачо боење.



| Состав: | |
|---|---|
| изолациска облога | JUBIZOL EPS F-W0 (бел, без преклоп) |
| лепило | EPS Lepilna malta или JUBIZOL Lepilo |
| основен малтер | EPS Lepilna malta |
| армирање | JUBIZOL фасадна мрежичка 145 g/m² |
| основен премаз | Unigrund |
| завршна обработка | Akrilni glajen omet 1,0; 1,5; 2,0; 2,5 mm<br>Akrilni zariban omet 2,0; 2,5 mm |



JUBIZOL Comfort - Наменет е пред сé за објекти со повисок стандард на живеење. Системот овозможува избор на најголем број на нијанси - од модерните интензивни жолти, портокалови и црвени нијанси на Unixil superior, кои се одликуваат со исклучителна UV-постојаност, до потемни нијанси на бои од Unixil cool со Y < 25, кои ги одликува до 25% помало ниво на загревање, поради пониското ниво на апсорпција на инфрацрвениот дел од светлосниот спектар. Со Superior и Cool нијансите обезбедуваме највисока постојаност на интензивните нијанси. Со употреба на микроармиран основен малтер дури и при минимални дебелини, се овозможува соодветната цврстина и посакуваната сигурност при изборот на потемни завршни малтери, или при пословжени временски услови.

Особини:

-голем избор на нијанси на завршниот малтер;
-најмала можна дебелина на основниот малтер (3 mm);
-можност за избор на измазнета фасадна површина со различна гранулација;
-потполно задржување на функционалните особини и естетскиот изглед на топлинскоизолационот систем JUBIZOL се постигнува со препорачаното обновувачко боење.

| Состав: | |
|---|---|
| изолациска облога | JUBIZOL EPS F - W2 (бел со дупкии) |
| лепило | EPS Lepilna malta |
| основен малтер | EPS Lepilna malta |
| армирање | JUBIZOL фасадна мрежичка 160 g/m² |
| основен премаз | Unigrund |
| завршна обработка | Unixil G 1,0; 1,5; 2,0 mm |



Unixil G е наменет е за декоративна заштита на сите видови на фасадни ѕидни површини, градежни објекти, па дури и повеќекатни згради со минимална стреа. Ги содржи добрите карактеристики на акрилните и силиконските малтери. Иновативниот систем е плод на повеќегодишни истражувања финансирани со средства од страна на EU.
Особини:
- најголем избор на нијанси;
- најголема постојаност при интензивни нијанси;
- висока водоодбивност (меѓу најдобрите на пазарот);
- висока пареопропусност (меѓу најдобрите на пазарот);
- долготрајна отпорност на заразување со ѕидни алги и мувла;
- голема цврстина;
- висока отпорност на атмосферски влијанија;
- одлични апликативни карактеристики;
- подолго отворено време за вградување.

UNIXIL G Cool - Силоксанизиран акрилен малтер, IR отпорен, кој го одликува 25% пониско ниво на загревање на површината. За добивање на нијансите се користат специјални IR отпорни пигменти, кои се плод на повеќегодишни истражувања, финансирани со средства од страна на EU. Го спречуваат прекумерното растегање на фасадните површини поради прегревање. Овозможуваат користење на нијансата на целата површина на објектот.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4660 | 1500 | 1501 | 1490 | 3420 |
| 1190 | 1140 | 1130 | 1120 | 1090 |



UNIXIL G Superior Врвен квалитет, исклучителна временска и UV постојаност на модерните и интензивни нијанси - жолти, сини и црвени Superior нијанси (5-та ценовна категорија). Овозможена е употреба на нијансите на 10% од површината на објектот.

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4590 | 4600 | 4610 | 5510 | 5520 | 5530 | 5540 | 5550 | 5560 | 5570 | 5580 | 5620 | 5630 |
| 4591 | 4601 | 4611 | 5511 | 5521 | 5531 | 5541 | 5551 | 5561 | 5571 | 5581 | 5621 | 5631 |
| 4592 | 4602 | 4612 | 5512 | 5522 | 5532 | 5542 | 5552 | 5562 | 5572 | 5582 | 5622 | 5632 |

** Печатените примероци се симболични и не ја прикажуваат вистинската конечна нијанса.*



# НОВИ ПРОИЗВОДИ

**Следејќи ги иновативните технологии JUB-овиот развојно-истражувачки центар на пазарот во тековнава 2012 година пласира најнова група на производи, односно :**

Juboglet ...... Маса за израмнување врз база на гипс
Прашкаста маса за израмнување произведена врз база на гипс, наменета за прво глетување на бетонски ѕидови, пополнување на фуги на ѕидни и тавански облоги од гипс-картонски плочи со задолжително бандажирање на спојот. Може да се нанесе во дебелина на слојот до 8mm без опасност од пукање, лесно се бои со сите видови дисперзни бои, но претходно задолжително е да се нанесе подлога:Akril emulzija или Jukol.
Лесно се бруси, лесно се нанесува и има отворено време за работа од приближно 80min.
Пакувањето е во вреќи од 20kg.







Jubosan W120 ......Подложен малтер за санација
Jubosan - двокомпонентниот систем за санација на површини оштетени од излачување на соли, сега е збогатен за уште еден нов производ т.е подложен малтер за санација Jubosan W120, кој заедно со санирниот шприц Jubosan W110 и санирниот малтер Jubosan W130 го сочинуваат новиот т.н Jubosan 3K систем за санирање.
Новиот подложен малтер има одлична пареопропусност и можност да се нанесува во поголеми дебелини и слоеви, при што се добива многу поголема површина т.е волумен за таложење на соли, со што и се зголемува времетраењето на системот. Лесно се нанесува во повеќе слоеви (еден слој во дебелина од 1-3cm).
Пакувањето е во вреќи од 20kg.

Jupol Strong ...Високо перива боја за многу оптоварени внатрешни површини
Бојата е наменета пред сé за многу оптоварени внатрешни површини и е отпорна на триење и механички оштетувања. Таа е и до 10 пати поотпорна од класичната внатрешна боја Jupol Classic. Овозможува пребоените површини да се чистат со лесни детергенти а при тоа и да се исчистат дамки од кафе, кечап, вино, чај,....
Нанесениот филм има мат изглед, спаѓа во 1класа на перивост, а има и одлична покривна моќ. Се нијансира на Jumix системот во нијансирните центри по JUB - ова тон карта, само во светли (пастелни) нијанси кои во тон картата завршуваат на броевите 4 и 5.
Пакувањето е во 2 и 5lit. амбалажа, а потрошувачката е 160 -190 ml/m2.





Минерални малтери (пердашен 2.0mm и измазнет 1.5mm) од Markpro програмата.

Новите минерални малтери од Markpro програмата се наменети за површини во ентериерот и екстериерот.

Ги одликуваат следните карактеристики:

- исклучителна белина,
- зголемена алгицидна заштита,
- отворено работно време (2часа),
- лесно се нанесуваат и бојат со сите внатрешни и фасадни бои.

Малтерот се разредува со вода до 23%, односно на едно пакување (вреќа од 25kg) се додава 5,75 lit. вода.

Потрошувачката на материјалот е 2,5 kg/m2, а рокот на употреба е 6 месеци.







Со цел, дел од нашите прашкасти материјали и понатаму да се препознатливи по својот квалитет од една страна, а воедно и да се ценовно конкурентни од друга страна, на пазарот пласиравме 4 производи во ново пакување од 25kg. (Akrinol, Akrinol interier, Nivelin, EPS Lepilna Malta),но со цени пониски дури и од претходните пакувања од 20kg.

# Ново во JUB Македонија

Во средината на оваа сезона, по пауза од неколку месеци, JUB во Македонија ја промени структурата на вработени во својата компанија. Имено сега веќе има свој нов демнистратор на примена на материјалите, чија задача е и понатаму успешно да ги презентира производите од производниот програм на JUB, како и да ги обучува мајсторите кои досега не се сретнале во пракса со овие производи, а им се потребни за да можат да ги задоволат потрбите на инвеститорите.

Новиот демонтратор на примена на материјали не само што е млад, туку е и амбициозен што побрзо да се вклопи во своите работни задачи и истите да ги исполнува во целост.

Искрено целиот тим на JUB Скопје, на Горан Анѓелковски му посакува успех во работењето во компанијата.



# ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

## Заштеда Преку Фасади

**Заштедата на топлотна енергија освен во делот со прозорците треба добро да е изработена и во фасадниот дел. Во светот од поодамна, а кај нас во последниве неколку години, почнуваат да се избегнуваат старите начини на градба и изолација, со ѕидови од дупла цигла, сендвич ѕидови и сл. и почнуваат да се користат системите за надворешна изолација на објектите.**

Новиот надворешен стил на изолација на објектите не само што дава подобра изолација на објектот заради новите материјали кои се употребуваат, туку и затоа што ги намалува топлинските мостови до најмала можна мерка. Описно кажано, фасадата претставува комплетна обвивка на објектот со изолирачки материјал. Самото тоа спречува и многу несакани појави кои се можни низ целиот објект, како мувлосување по аглите напукнување на малтерите и сл., причинети од различната температура на конструктивните делови на објектот.



JUB е партнер во кампањата Европска одржлива енергија 2005–2008

Со енергијата се поврзани сите аспекти од нашиот живот, но сега повеќе од било кога треба да се внимава на одржливоста и безбедноста на снабдувањето со електрична енергија, како и на влијанието врз животната средина.

Суштината на кампањата за Европска одржлива енергија 2005-2008 е поттик да се започне со поефикасно управување со енергијата врз принцип на партнерство за произведување за да се исполнат заедничките визии.

http://www.jub.com.mk/sovietuvalishtie/mk-strokovnjak-svetuje/mk-eksterier-napotki/mk-toplotna-izolacija-fasade/

Енергетската ефикасност претставува користење на помалку енергија, без да се намали квалитетот на живеење.

Порастот на потрошувачката на енергија во Република Македонија во текот на последната деценија е два пати поголем. Причина за тоа е зголемувањето на индустриската активност, застарени технолошки средства и стара инфраструктура што драстично го забрзува неефикасното користење на енергијата.

Спроведувањето на мерките за енергетска ефикасност ќе резултира со намалување на сметките за електрична енергија, потоа заштедените средства може да се искористат за подобрување на стандардот на живеење и работење на работниците, потрошувачите и граѓаните.



Законската рамка за енергетска ефикасност во Република Македонија, ја сочинуваат:
• Закон за енергетика,
• Стратегија за развој на енергетиката,
• Стратегија за енергетска ефикасност,
Како да започнете со имплементирање на енергетската ефикасност:
• Кога ќе излезете од просторијата задолжително исклучете го светлото,
• Не ја држете предолго отворена вратата на ладилникот. Така трошите енергија и пари без потребно,
• Извадете ги апаратите од штекер кога не ги користите истите,
• Машините за перење на садови и алишта вклучете ги само кога се полни,
• Не го вклучувајте клима уредот кога не е потребно или кога не сте во просторијата,
• Заменете ги обичните светилки со светилки кои штедат енергија,
• При купување на нови апарати секогаш треба да изберете апарат со највисока енергетска класа, А класа,
• Намалување на температурата за само еден степен, може да ја намали сметката за грееење и до 6%.
• Изгаснете го вашиот компјутер и монитор, кога тој не се користи. Спротивно на популарните верувања, нивното гасење и повторното палење нема да предизвика никаква штета,
• Купувањето на производи кои штедат енергија ви ги штедат воедно и вашите пари,
• Со редовното чистење на напластениот мраз од ладилникот и замрзнувачот штедиме електрична енергија и го продолжуваме векот на траењето на апаратите,
•"Обичните" светилки само 5% од потрошената електрична енергија ја претвораат во светлина, а останатите 95% во топлина и не траат повеќе од 1000 часа,
• Во тек на денот тргнете ги завесите од прозорците, особено оние на јужната страна, како што повеќе енергија по природен пат би навлегла во домот,
• Ако повеќе пати на ден ги отворите ширум прозорите и го исклучите греењето, ќе заштедите повеќе енергија отколку да ви е прозорецот постојано отворен, а да греете со полн капацитет,
• Влези- вклучи,
• Излези- исклучи.



# Декоративна обработка на внатрешни површини, техника Marmorin Travertin

**Со техниката MARMORIN VERSUS (латински израз за бразда) постигнуваме атрактивен изглед на површина на која надолжно еднакво се распоредени попречни бразди, исполнети со JUB décor Marmorin или JUB décor Glamour.**

Техниката Marmorin Travertin ја изразува благородноста на приморскиот камен. На камената површина видливи се одредени нерамнини, сјај и длабочина се појавуваат на одредени делови, а повремено може да се забележат и ситни дупчиња во рејлефот.
Голем број на важни објекти, цркви и палати во средниот век се изградени од мермер кој се нарекува Травертин.

Алат
- декоративна четка,
- валјак,
- четка,
- нер'ѓосувачка челична глетарка,
- нер'ѓосувачка лопатка,
- синтетичка ткаенина.



Материјал
- Marmorin,
- Jupol Gold,
- Marmorin emulzija,
- Akrilna emulzija,
- Jubolin.




Подготовка на подлогата
1. Предбоење
Подлогата мора да биде сува, цврста, без мрсни дамки и други нечистотии. Потоа вршиме предбоење со цел да добиеме еглаост и изедначен тон на површината на подлогата. Употребуваме бела боја (Jupol Gold) од причина што и нијансата на масата за израмнување е бела.
Доколку не сме извршиле предбоење, пред да нанесеме кит Marmorin, на местата каде наносот од китот е потенок може да се види нијансата од подлогата.






2. Израмнување на подлогата
Подлогата ја израмнуваме со глет маса Jubolin, при што не е потребна идеално мазна површина. Измазнуваме со челична нер'ѓосувачка глетарка.



3. Брусење на површината, отпрашување на остатоците (со фина метличка или со вшмукување).





4.Импрегнација

Импрегнираме со Akril emulzija растворена со вода во соодност 1:1, а нанесуваме  со валјак (нанесување со прскање не е потребно).




Постапка на изработка

1. Нанесување на Marmorin

Декоративниот кит (Marmorin) го нанесува првиот мајстор на површина од околу 0.5 – 1m2, и во дебелина на наносот од ~ 2 – 3 mm. Се додека вториот мајстор не ја обликува структурата на примерокот, китот не смее да се исуши.



2. Обликување на структурата од Marmorin

Додека површината е уште влажна, употребуваме декоративна четка со која создаваме изглед на дупчеста површина. Со декоративната четка правоаголно притискаме на сеуште влажниот кит, и формираме дупчиња по површината во хоризонтални брановидни појаси. Нивната структура нека не преминува 1/3 од целата површина. Густината на примерокот зависи од саканиот конечен изглед.



3. Израмнување на дебелината

Израмнуваме полека со нер'ѓосувачка челична глетарка на сеуште влажниот материјал, откако претходно делумно ќе стврдне. Подлогата ке впие дел од течноста така да површинскиот нанос од китот ќе се згусне. Внимателно, со цел да не ги пополниме премногу дупчињата, површината ја измазнуваме заедно со  испакнатите врвови на површината, а воедно и со глетарката создаваме структурирана површина која е резултат на лепењето на глетарката за китот.

Површината е релјефна со брановидни појаси од ситни дупчиња. Природниот мермер со таков изглед се нарекува Травертин.



4. Обликување на примерок од камени блокови

 Обликуваме кога површината е сува на допир, а воедно се уште мека. Тогаш обликуваме примерок од камен блок со засекување во површината од Marmorin. Со оглед на големината на целокупната површина, ја прилагодуваме и големината на блоковите. Хоризонтално а потоа и вертикално, со израмнувачка летва и алат за засекување (може да се употреби шрафцигер, лопатка, ...), засекуваме на обележаните места. По сушењето, површината по потреба ја продупчуваме и ги поправаме засеците со брусна хартија со број 150.  Во случај на оштетување на слојот при засекувањето до подлогата (Jubolin), грешката ја поправаме со разреден (до 20%) Marmorin, при што употребуваме четка.





5. Завршно обликување: делумно матирана површина (заштитен премаз)

Површината нежно ја измазнуваме со нер'ѓосувачка челична глетарка или со широка нер'ѓосувачка лопатка. Површината е делумно матирана, со многу мал видлив сјај. Силата на притисокот од глетарката е 20% во однос на измазнување на површината до висок сјај. Со измазнувањето постигнуваме поголем контраст на конечната структура на примерокот. Со синтетска крпа нанесуваме Marmorin emulzija во еден до два слоја, и минимално полираме. На тој начин постигнуваме подобра заштита од валкање, подобра водоодбивност и подобра отпорност од можни оштетувања.



Различни примени на боја

Важно:

Сите заинтересирани за правилна изведба на наведената и други наши декоративни техники, можат да добијат бесплатна обука од стручно лице, доколку ги посетат просториите на нашето претставништво JUB дооел Скопје, по претходна најава на бројот 02/2454027.





# Бања

**Најголем број на луѓе бањата ја доживуваат како место за одмор и релаксација, а не само за обавување на функциите за кои е наменета истата. Затоа препорачливо е во неа да бидат присутни релаксирачки бои, како што се сината и зелената, кои истовремено со себе носат асоцијации на море.**

Сината боја може да биде присутна во широка лепеза на нијанси, од изразено јаки до пастелни нијанси. Честа комбинација која се сретнува во бањите е морска сина и зелена боја со додатоци на бела боја.



Сината боја носи со себе релаксирачко чувство

Земјените бои кои се благи и топли го зголемуваат чувството на топлина во бањата, како на пример, комбинација на крем и кафени нијанси. Ако сакате во бањата да добиете "женственост", определите се за боја на праска или некоја розева нијанса, а со жолта боја на лимон ќе добиете свеж изглед.

Бојата на лаванда е добар избор за сите оние кои употребуваат етерични масла, мирисни купки и свеќи во бањата, како на пример, комбинација на боја на лаванда и крем боја, или пак потопли нијанси на жолта боја со светло-портокалова или црвена.

Доколку сакате да создадете спа амбиент, ориентирајте се на белата боја (бел под и ѕидови, бели фиксни елементи, па дури и бели пешкири) која ќе ја надополните со крем, топла жолта или златна боја, а во предвид може да дојде и зелената боја. Инаку, белата боја во споредба со другите дава "најчист" изглед и таа може да се вклопи во било која шема на бои во бањата. Сепак треба да се има во предвид нејзината севкупна застапеност за да на крајот не се добие клинички амбиент.



Розеви нијанси за женствена бања



Комбинациите на црна и бела боја се за оние кои сакаат екстравагантен амбиент во бањата. За традиционална луксузна бања се препорачува употреба на камен, елементи кои се обложени со камен или кои се обоени во камени нијанси.

2. Доколку во бањата нема природна вентилација во тој случај може да ја прошарате истата со многуте нијанси на Jupol Latex производите.



Црна и бела за екстравагантност



Каменот дава ефект на луксузност на бањата

Кога станува збор за бојата на подот, ѕидовите и таванот во бањата, подот на бањата секогаш треба да биде малку потемен од бојата на ѕидовите и таванот. Посветлите бои на ѕидовите, таванот и мебелот во бањата визуелно го зголемуваат просторот, а овој ефект е најизразен со употреба на белата боја. Ова особено е важно да се знае кога станува збор за избор на бои во помала бања. При изборот на бојата на мијалникот, треба да се има во предвид дека кај мијалник во потемна боја дамките од водата повеќе ќе се забележуваат, што не е случај кај мијалниците во бела боја.

Препорачани производи од Нас за Вас се:

1. Доколку бањата има природна вентилација од која ќе може лесно да излегува водената пареа што се создава со употребата на бањата, тогаш може да ги користите сите пареопропусни бои како што се:Jupol, Jupol Gold, Jupol Latex и Jupol Brilijant, a Jupol Citro се користи доколку мислите дека во бањата ќе се појави влага и мувла. Исто така за декорирање на ѕидовите во бањата може да се искористат и сите видови на техники што ги има во производната програма на JUB, а сето тоа во нијанса по Ваша желба од палетата на бои која ја сочинуваат дури 350 нијанси.





# 10 НЕВЕРОЈАТНИ ЦРКВИ ШИРУМ СВЕТОТ

**Неколку необични цркви. Доказ дека понекогаш овие изданија не се само световни објекти, туку и дека можат да бидат вистински чуда на архитектурата.**

Јапонска Футуристичка Црква





Оваа футуристичка протенстанска црква е лоцирана во Токио. Дизајнирана од фирмата Ciel Rouge Creation во 2005 - таванот е специјално направен да го враќа ехото на природниот звук за 2 секунди, со што се овозможува уникатно аудио доживување на поданиците и туристите.

Катедралата Saint Basil



Кадетралата St. Basil се наоѓа на Црвениот Плоштад во Москва, Русија. Тоа е Руска Православна црква со низа шарени куполи во форма на свеќи и е дел од Московскиот Кремљ(комплекс во самиот центар на Москва, со четири палати, четири кадетрали и е опкружен со Кремљскиот ѕид и кулите на Кремљ).

Катедралата Saint Basil



Hallgrimskirkja(во буквален превод: црквата на Hallgrimur) е Лутеранска црква лоцирана во Рејкавик, Исланд. Со своите 74.5м., таа е четвртата највисока структура во Исланд. Таа е крстена по Исландкиот поет Hallgrimur Petursson(1614-1674). Државниот архитект Gujon Samuelsson ја дизајнирал црквата во 1937, а за изградбата биле потребни 38 години.

Temppeliaukio Kirkko: Камената црква





Temppeliaukio Kirkko (камена црква) е возбудливо дело на модерната архитектура во Хелсинки. Комплетирана во 1952, таа е изградена под земја и таванот и е направен од бакарна жица. Дизајнирана е од браќата Timo и Tuomo Suomalainen. Тие избрале камена структура што се издига 40 стапки над нивото на улицата и ги срушиле зидовите одвнатре. Таа е една од најпопуларните туристички атракции во Хелсинки и е секогаш полна со посетители.

Катедралата на Бразилија





Катедралата Metropolitana Nossa Senhora Aparecida во главниот град на Бразил е дело на архитектот Oscar Niemeyer. Оваа бетонска структура со нејзиниот стаклен покрив изгледа како да е отворена нагоре, горе кон рајот. Нејзината градба била завршена на 31 мај, 1970.

Borgund црквата: најдобрата зачувана црква од летви



Borgund црквата од летви е најдобрата зачувана од вкупно 28 вакви цркви во Норвешка. Оваа дрвена црква, најверојатно изградена на крајот на 12 век, ја нема сменето својата структура;ниту пак имала некоја голема реконструкција од времето кога е изградена. Оваа црква е исто така позната и како „Чудото на Викингшката цивилиацијаʺ во видео играта „Age of Empires II: The Age of Kingsʺ



Црквата Ruzica: каде што канделарите се направени од чаури на куршуми



Лоцирана во Калемегданската Тврдина во Белград, Србија, Ruzica црквата е мала капела декорирана со...потрошени куршуми, мечови и делови од топ!!! Местото на кое е сега црквата било користено од Турците како магацин за оружје преку 100 години и морало да биде повторно изградено во 1920, после Првата Светска војна. Местото било речиси уништено од бомбардирање,но сепак, додека се бореле со Англија и САД, српските војници нашле време да ги состават овие неверојатни канделари. Претставува еден од најдобрите светски примери за војничка уметност, односно предмети што се направени од војници или воени заробеници.

Црквата St. Joseph



St. Joseph црквата е Украинска - Грчка Католичка црква во Чикаго. Најмногу е позната по своите ултрамодерни 13 златни куполи, симболизирајќи ги 12-те апостоли и Исус Христос како најголемата купола. Ентериерот на црквата е збогатен со фрески. За жал, иконографот бил депортиран во својот роден крај пред да успее да ги напише имињата на светците, како што е иконографската традиција.

Las Lajas Катедралата: готска црква вредна за да ја има во бајка



Las Lajas катедралата се наоѓа во Јужна Колумбија и е изградена во 1916 во внатрешноста на кањонот на реката Guaitara. Според легендата, ова било местото на кое индијанска жена со името Maria Mueses de Quinones ја носела на грб својата глувонема ќерка Rosa, близу Las Lajas („карпите"). Maria седнала на карпа кога нејзината керќа за првпат прозборела за некаква појава во пештера.
Подоцна, мистериозна слика на Дева Марија како носи бебе била откриена на ѕид во пештерата. Наводно, студиите покажале дека на сликата нема никакви траги од боја или пигменти - туку, кога примерок од карпата бил земен, било откриено дека боите настанале сами во внатрешноста на карпата. Вистина или не, легендата помогнала да се изгради оваа неверојатна црква.

Капелата на St-Gildas: изградена под бездна од карпи



Капелата на St-Gildas се наоѓа под местото Canal du Blavet, во Brittany, Франција. Изградена во самата база на бездната, ова некогаш било свето место на Друидите. Gildas патувал низ Келтскиот свет во Велс, Ирска, Корвел и Шкотска. Пристигнал во Brittany околу 540 година п.н.е. и таму проповедал Христијанство.

# Референци:

## Преглед на референтни објекти изработени во изминатиот период

Дека ликот го краси делото (објектот), а посебно кога во него правилно се вградени квалитетни материјали, лесно се забележува и преку фотографиите на дел од нашите референтни објекти кои ги објавуваме во овој број на JUB магазин.



Објект: Индивидуална куќа – Прилеп, 2011 год.
Jubizol стандард (ATZ 2.0mm 1145, ATG 1.5mm 1143)



Објект: Станбена зграда – нас. Аеродром Скопје, 2012 год.
MARKpro фасаден систем (MAG 1.5mm 1495,1504,1505, ACN 5581)



Објект: Индивидуална куќа – Битола, 2012 год.
Jubizol стандард (ATZ 2.0mm бел, ATG 1.5mm бел, ACN NCS 5040B80G)



Објект: Индивидуална куќа – Скопје, 2012 год.
Kulirplast 2.0mm (бр. 425,455,480)

www.jub.eu

JUB

Professional

# HYDROSOL
*sistem*



# Хидроизолација за во купатило

**JUB дооел - Скопје**
бул. Јане Сандански бр.79а-3,
1000 Скопје, Македонија
**T:** 02/ 2454-027,
**E:** info@jub.com.mk

JUB

**Создаваме обоена топлина во Вашиот дом**

www.jub.eu